ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ZAJEDNICA HRVATA U REPUBLICI MAKEDONIJI

Здружение на граѓани
ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 5-5
15.03 2015 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис Ви ги доставувам предлозите,препораките и забелешките на Заедницата на Хрвати во Република Македонија:

1.Во врска со спроведување на Меѓународниот договор за заштита на Македонското малцинство во Република Хрватска и Хрватското малцинство во Република Македонија потпишан и стапен на сила 13.11.2007 година:

- До сега нема ништо ефективно спроведено од оваа Спогодба за Хрватите во Република Македонија

-Мешовитиот одбор кој би требало да ги следи спроведувањата на оваа Спогодба и да дава извештаи и препораки на двете Влади се нема состанато веќе 4 години,што укажува на незаинтересираност на Владата на Република Македонија за било каква активност на овој план

2. АОПЗ(Агенција за остварување на правата на заедниците) работи само на информирање и едуцирање,а фондот кој е предвиден во законот за кој е АОПЗ основана не е формиран така да Агенцијата нема никаква можност за финансирање и на најмали акривности на било која национална заедница.

3.Конкурсите кои ги распишува Министерството за култура а на кои можат да учествуваат и Здруженијата на граѓани се со такви услови да учеството да Здруженијата на граѓани е практично невозможно да ги исполнат дадените услови

-Пример за изавање на списание се бара професионален член на редакцијата и потврда од Централен регистер дека сте регистрирани за културни дејности

4.Без разлика на обврската за основање на фонд на основа на " Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија",Владата на РМ треба да продолжи со активностите за основање на Совет на Владата на РМ за соработка со граѓанските заедници и на донесување на Одлука за условите и користењето на средствата од Буџетот на РМ наменет за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите

Овие се предлози до Владата на РМ од месец декември 2014 год. за кои Здруженијата на Граѓани расправаа и дава свои предлози три пати и тоа во текот на декември 2014 година и јануари 2015 година,но заради новонастанатата ситоација дојде до застој во

Никола Парапунов бб зграда 8, 1000 Скопје, Република Македонија телефакс: +389 2 3079 533
Nikola Parapunov bb zgrada 8, 1000 Skopje, Republika Makedonija tel/faks: +389 2 3079 533
www.zhrm.org.mk; e-mail: zajednica.hrvata@gmail.com;

активностите.Се надевам дека овие предлози ќе бидат разгледани и вметнати во Програмата на Владата на РМ за 2016 година.

Со Почит,

Скопје

15.09.2015

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ненад Живковиќ

ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Здружение на граѓани ЗХРМ Скопје 1